**Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС”**
**објавува**
**Повик за обучувачи за работилници за зајакнување на РОМАВЕРЗИТАС Алумни**

Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС” во рамки на проектот **“Ромаверзитас - академска и друга поддршка на студенти Роми во Македонија“** објавува повик за обучувачи за испорака на работилници за зајакнување на РОМАВЕРЗИТАС Алумни. Проектот е финансиски поддржан од страна на Ромскиот Образовен Фонд (РЕФ) од Будимпешта.

## Опис на работилниците и период на реализација

Работилниците имаат цел да ги зголемат практичните знаења и вештини на дипломираните Роми кои беа корисници на активностите на РОМАВЕРЗИТАС, за организирање, вмрежување, застапување и лобирање со цел одржлива, долгорочна и плодна соработка на РОМАВЕРЗИТАС Алумните, како и промоција на активното граѓанство во средините во којашто РОМАВЕРЗИТАС Алумните делуваат.

Теми на работилниците:
-техники за организирање на Алумни;
-техники за вмрежување на Алумни;
-техники за застапување и лобирање.

Работилниците ќе се реализираат во период од Февруари до Март 2017.

Работен јазик на работилниците ќе биде македонскиот јазик.

## Работни задачи на обучувачите

Селектираните обучувачи кои ќе ги испорачат работилниците ќе треба:

- Да изготват финален дизајн на одредена работилница со методологија на работа,  најмалку 5 дена пред тренингот;
- Да подготват материјали за работа за одредена работилницата, најмалку 5 дена пред тренингот;
- Да подготват агенда за одредена работилница;
- Да дистрибуираат електронски примерок од сите употребени наставни материјали во работилницата, до проектниот тим и учесниците, најдоцна 7 дена после тренингот;
- Да изготват наративен извештај за одржаната работилница, најдоцна 7 дена после тренингот.

Селектираните обучувачи ќе добијат примерок за агенда и примерок за подготовка на наративен извештај од проектниот тим на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“.

Селектираните обучувачи пред испорака на тренингот ќе склучат договор за авторско дело со Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ во кое ќе се регулираат договорените работни задачи и висината на авторски надоместок.

**Услови за пријавување**

Кандидатите за обучувачи треба да ги исполнат следните услови:

- Да имаат искуство во испорака на работилници;
- Да имаат искуство во испорака на работилници на темите кои се наведени во овој повик;
- Да имаат добро познавање на педагошките пристапи на учење, методи и методологија на работа.

**Документи за пријавување**

Кандидатите за обучувачи треба да ги достават следните документи:

- Кратка биографија која ќе ги содржи најважното и најрелевантното формално образование, неформално образование, работно искуство во испорачани тренинзи, особено тренинзи кои се поврзани со организирање на Алумни; вмрежување на Алумни и техники за лобирање и застапување;
- Листа на испорачани тренинзи/работилници на темите: организирање на Алумни; вмрежување на Алумни и техники за лобирање и застапување, која ќе содржи наслов на тренингот/работилницата, кратка содржина, датум, место и нарачател на тренингот/работилницата;

**Начин и краен рок на пријавување**

Документите за пријавување треба да се достават по електронски пат на е-маил адресата: office@romaversitas.org.mk**, најдоцна до 06 Февруари 2017, до 18.00 часот.**

**Селекција на кандидати**

Селекцијата на кандидатите ќе ја вршат членовите на Извршниот Одбор на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ во Февруари 2016.

Критериуми при процесот на селекција на кандидати се:

-искуство во испорака на тренинзи/работилници

-искуство во испорака на тренинзи/работилници на темите кои се наведени во овој повик

Сите пријавени кандидати ќе бидат регистрирани во базата на обучувачи на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ и ќе бидат информирани за следните повици.

Дополнителни информации за повикот за обучувачи можете да добиете во просториите на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ во Скопје или на тел: 076/225-568, секој работен ден од 09.00 до 17.00 часот или на електронски пат на е-маил адресата: **office@romaversitas.org.mk.**

Со почит,
Здружение на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС”